***Почитувани мои карпошанки и карпошани,***

Со оваа општина управувам подолго време. Промените се видливи, ништо не е паднато од небо. Се’ што е направено, заедно сработивме. Вашите пари секогаш беа искористени за вистински проекти. Денес сите ги гледаме резултатите. Тие се видливи, и многу сум ви благодарен што не верувавте и не верувате на приказни, туку на резултатите.

Некои се прашуваат зошто кандидатура по петти пат?

Тие веројатно не знаат дека мојата кандидатура произлегува од вас и вашето мислење преточено во јавните анкети, каде вие мене ме одредувате како ваш прв избор за градоначалник.

Следната причина е што имаме уште проблеми да решаваме и затоа што имаме нови проекти кои ќе значат подобрување на животот и стандардот на граѓаните.

Трето, вие до сега докажавте дека за да ја водиш општина Карпош не мора да имаш голема партија зад себе, туку моќен градоначалник со визија и посветеност, подготвен да сослуша и да помогне на секој граѓанин, и во секој дел од општина Карпош.

И сега, како и до сега, заедно со вас ќе ја добиеме оваа битка и затоа ве повикувам **ДА ГО ОДБРАНИМЕ КАРПОШ, ДА СИ ГО ЗАЧУВАМЕ ДОСТОИНСТВОТО!** Зошто ова е општина со свој индентитет, свои надлежности, свое водство. Не потклекнува и не се дава на политички игри. Впрочем, не е битно колку си голем, туку колку мудрост во себе имаш.

Искрено ваш,
***Градоначалник Стевчо Јакимовски***

# ДА ГО ОДБРАНИМЕ КАРПОШ!

## *ДА ГО ЗАЧУВАМЕ ДОСТОИНСТВОТО!*

ПРОГРАМА 2025-2029




ПОВЕЌЕ
РЕЗУЛТАТИ
ПОМАЛКУ ИЗГОВОРИ

**Стевчо Јакимовски**
Градоначалник на Карпош

искуство за УСПЕХ

искуство за УСПЕХ

# I. ПРОГРАМА
2025-2029

### 1. Субвенции за полагање на возачки дозволи

Трошоците за полагање на возачки дозволи за средношколците ќе се субвенционира во целост. (Трошоци за обука, лекарско уверение, полагање за прва помош и трошоците за првото полагање)




### 2. Субвенции за лифтови

Се зголемува максималната сума од 50% на 60% од вкупната вредност и од 500.000 денари се зголемува на 650.000 денари.




### 3. Субвенции за азбестни покриви

За индивидуалните куќи субвенциите се зголемуваат од 120.000 денари на 150.000 денари, а за колективните од 350.000 денари се зголемува на 600.000 денари.

### 4. Стипендии за талентирани ученици и спортисти

Прва категорија од 3.500 денари ќе се зголеми на 5.000 денари, а втора категорија од 3.000 денари на 4.000 денари.

### 5. Субвенции за велосипеди и електрични тротинети

Се зголемува субвенцијата за велосипеди од максимални 4.500 денари на 6.000 денари, а субвенцијата за електрични тротинети од 6.000 денари на 9.000 денари.




**6. Субвенција за бушење бунари** за техничка вода за индивидуалните домаќинства до 2.000 евра за да не се врши наводнување од градски водовод.

### 7. Субвенции за поставување на фотоволтаични системи

за производство на електрична енергија на индивидуалните домаќинства. Субвенцијата ќе изнесува до 120.000 денари или до 35 проценти од вкупната вредност.



### 8. Субвенции за инвертори

Триесет проценти од сумата за оние граѓани кои во моментот користат огрев на цврсто гориво.

**9. Субвенции за набавка на возила на електричен погон** до 150.000 денари во зависност од возилото.

**10. Поставување на електрични автомобили за дечиња** на сите плоштади (Делфина, КЈП, Карпош 3, Млечен, Бардовци) кои ќе бидат користени бесплатно.

**11. Секоја месна заедница ќе има свој буџет** од 15.000 евра до 25.000 евра во зависност од бројот на жители кои ќе можат да ги трошат за проекти кои самите ќе ги одберат.